Дневни биултени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 22.12.2023

Денеска (22.12.2023), од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје извршен е претрес во дом и други простории кај Е.Ј.(41) од с.Семениште, скопско. При претресот пронајдени се автоматска пушка, два пиштола, една рамка за пиштол, две рамки за автоматска пушка и 71 куршуми. Од страна на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција Е.Ј. е лишен од слобода и по документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Секторот за внатрешни работи Струмица, до Основното јавно обвинителство Струмица, поднесе кривична пријава против В.Т.(41) и М.С.(49), двајцата од Струмица, вработени во Казнено – поправната установа Затвор Струмица. Тие се сомничат дека сториле кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластувања" по член 353 и „овозможување бегство на лице лишено од слобода" по член 372 од Кривичниот закон. На 04.12.2023, В.Т. - заповедник во затворската полиција, му издал наредба на затворското полицаец М.С. со службено возило да однесе лице кое издржувало затворска казна да заврши приватни оброци во деловен објект во Струмица. М.С., иако знаел дека ваквата наредба е противзаконска, постапил по неа и на тој начин В.Т. и М.С. му овозможиле на осуденото лице да излезе од затворот, иако тој ден немал право да користи таква погодност. Откако осуденото лице было однесено до деловниот објект, влегло само, а по излегување од објектот се дало во бегство.

На 21.12.2023 во 19.40 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(31) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (22.12.2023) во 00.05 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода С.А.(28) од Македонска Каменица затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Одделението за внатрешни работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против Т.А.(54) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „измама" и „кражба", против З.М.(57) и Б.К.(62), двајцата од Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања", против Т.Д. (51) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања" во врска со кривично дело „кражба", Д.Ј.(76) од Прилеп, Љ.С.(51) од Македонски Брод и О.Н.(67) од Македонски Брод поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". Првопријавената Т.А. поднела барање за сеча од 20.02.2023 на имот со дрва во наследство од нејзината мајка. Откако било излезено на терен во парцелите наведени во барањето и по извршена контрола од втора и третопријавениот, овластени службени лица од Јавно претпријатие „Национални шуми", ПШС „Сандански"-Македонски Брод, добила дозвола за сеча на вкупно 152,39 кубни метри бруто дрвна маса, од кои 68,4 кубни метри нето техничко и 68,76 кубни метри нето огрев, која била жигосана и и било издадено одобрение од 15.03.2023. Врз основа на одобрението, Т.А. со четвртопријавениот, одговорно лице во правно лице од оништина Дебарца, како и со други физички лица, склучила договор за сеча и отчуј. Притоа, од парцелите што дел се во нејзина сопственост и за кои е издадено одобрението, извршила селективно посекување на дозволената дрвна маса, а дополнително од катастарска парцела која е во нејзина сопственост, а не е впишана во одобрението, како и од катастарски парцели кои се во приватна сопственост и катастарски парцели со незапишани права на сопственост и имот на РСМ, извршила бесправно посекување на дрвна маса. Потоа, третопријавениот како шумочувар, не извршил контрола на посечените стебла, а второпријавениот ја легализирал сечата со издавање на испратници согласно претходно издадено одобрение. Четвртопријавениот, пак, на трансакциска сметка на петтопријавениот му исплатил 44.000 денари, а лично на рака на шестопријавениот му дал 15.000 денари, додека пак за делот од дрвна маса што бил откупен од лице од Македонски Брод, по извршената купопродажба, првопријавената, за дрва кои бесправно ги посекол седмопријавениот, на рака му платила со точно неутврдена висина. Со ваквите дејства, второпријавениот и третопријавениот навреде штета на други сопственици, односно уништиле државна шума, а притоа дозволиле првопријавената да се стекне со противправна имотна корист од околу 486.000 денари, односно да предизвика материјална штета од вкупно 1.162.070 денари.

На 21.12.2023 околу 21.30 часот на улица „Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од Тетово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно расчистување на случајот на малолетникот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 21.12.2023 во 15.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници ги привеле Н.К.К.(21) и М.Ј.(27), двајцата од Република Турција, затоа што при извршена пасошка контрола и проверка во оперативна евиденција било констатирано дека го пречекориле дозволениот туристички престој во државата. Тие биле задржани и предадени на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 21.12.2023 во 15.00 часот на место викано „Рушени воденици", во близина на гранична линија со Косово, полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Рогачево ги привеле Х.Ц.(39) и Ц.Ц.(41), двајцата од Косово, поради тоа што извршиле злоупотреба на туристички престој. Тие биле предадени на полициски службеници од СВР Тетово за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (21.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при кои за овие санкционирани се 202 возила. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 93 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 109 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (21.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 155 санкции, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 49 мерки, девет санкции за возење без возачка дозвола, три мерки за користење на мобилен телефон, две санкции за минување на затворен сигнал-црвено светло...

На 21.12.2023 во 13.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Франклин Рузвелт" во Скопје, товарно моторно возило „дачија докер" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Б.(55) од Скопје, удрило во М.Т.(38) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни се здобила М.Т., констатирани во приватна болница во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 21.12.2023 во 10.00 часот во Полициската станица Центар, С.Ф.(78) од Скопје пријавил дека во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје бил каснат од куче скитник.

На 21.12.2023 во 11.50 часот во Полициската станица Драчево, С.Ш.(61) од Скопје пријавил дека на ул.„Живко Фирфов" бил каснат од куче скитник.

На 21.12.2023 во 13.05 часот во Полициската станица Аеродром, Т.Ц.(61) од с.Горно Црнилиште, светиниколско, пријавил дека на ул.„Никола Карев" во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Г.(53) од селото Велмеј, општина Дебрца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во служба". Пријавениот, директор на ЈП„Национални шуми"- Шумско стопанство „Галичица" – Охрид, во текот на 2023 година не извршил надзор и контрола во сметководствената документација помеѓу извештајот за извршен превоз и направени трошоци за возила, како и врз евиденцијата за точено гориво со пристигнатите фактури. Со тоа тој го оштетил ЈП „Национални шуми" за износ од 1.079.689 денари.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против А.А.(39) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При контрола, извршена на улицата „11 Септември" во Кичево, полициски службеници запреле патничко возило „долксваген голф" со кичевски регистарски ознаки, кое го управувал, по што А.А. исфрлил кеса со марихуана, која била пронајдена и одземена. По целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 15 прекршоци од кои 14 надвор од населено место и 1 во населено место. Санкционирани биле и 15 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 5 за некористење сигурносен појас и 3 за непрописно паркирање.

На 21.12.2023 од 10.00 до 14.00 часот на пошироко тетовско подрачје спроведена е акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници. При контролата биле откриени и санкционирани 3 возила, односно возачи, од кои едно со неисправни сопирачки и две со непродолжена регистрација. Трите возила веднаш се исклучени од сообраќај и санкционирани се со изготвување на поднесоци со паринци гроби кои се движат од 100 до 500 евра во денарска противвредност. Покрај ова, со поднесоци се заокружени и 12 други видови сообраќајни прекршоци.

На 21.12.2023 во 10.40 часот во Полициската станица Велес, 73-годишен велешанец пријавил дека бил измамен од „.Н" од Кавадарци. Според пријавеното, před неколку дена тие се договориле да живеат заедно во неговиот дом во Велес, по што и дал парични средства да ги чува, по што таа ги зела парите и неговата платежна картичка и си заминала. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.12.2023 во 13.15 часот во СВР Скопје Б.К.(42) од Скопје пријавил дека околу 12.20 часот на подрачјето на Центар физички бил нападнат од С.Р. од Скопје и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.12.2023 во 10.40 часот во Полициската станица Центар, Љ.Ц.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" бил каснат од куче скитник.

На 21.12.2023 во 17.10 часот Полициската станица Центар, Г.М.(46) од Скопје пријавил дека на бул.„Гоце Делчев" бил каснат од куче скитник.

На 21.12.2023 во 16.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, Г.Р.(67) од с.Волково скопско, пријавил дека на ул.„Христо Татарчев" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Т.В.(39) и Е.Ј.(39), двајцата од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 15.09.2023 во Свети Николе, пријавените физички го нападнале Т.М. и му нанеле тешка телесна повреда.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.М.(40) од С.Пештани, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконит риболов". На 08.12.2023 на влез од с.Пештани, на место викано „Круша", бил забележан пријавениот со рибарски мрежи, улов од риби и риболовен алат, а по извршен претрес во неговиот дом биле пронајдени рибарски мрежи. Запленетиот улов е предаден на увид во ЈНУ „Хидробиолошки завод" Охрид.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Б.(34) од с.Велгошти, струшко и правно лице од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Во периодот од 01.01.2023 до 15.09.2023, пријавениот - управител на правното лице не ги пријавувал сите приходи остварени во таа година, односно давал лажни податоци за приходите на правното лице и уплакал помала сума на парични средства и на тој начин овозможил себеси и на правното лице да се стекне со противправна имотна корист, констатирано при извршена контрола на УЈП.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(76) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Пријавениот, со намера да се стекне со противправна имотна корист, избегнал да уплати данок на личен доход во вкупен износ од 159.436 денари за периодот од 2018 до 2022 година, како и пресметана камата на даночниот долг за временскиот период од 01.01.2018 - 27.07.2023 во износ од 42.878 денари. Притоа, пријавениот во наведениот период во повеќе наврати по разни основи остварил приливи од физички лица од странски земји со реализирани трансакции преку ѓро трансфер на пари, а кој доход подлежи на даночно оданочување за личен доход.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.С.(72) и Г.Д.(41), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања". Во 2022 година, пријавените-вработени во Одделение за катастар на недвижности Гостивар постапиле спротивно од Законот на катастар на недвижности на начин што во постапките по цест барањата, кои се однесуваат на извршени промени во однос на сопственоста и површините на неколку катастарски парцели, ги спровеле без правен основ за запишување-пропишан во Законот за катастар на недвижности и неговите подзаконски акти -правилници.